INTERNATIONAL BACCALAUREATE
BACCALAURÉAT INTERNATIONAL
BACHILLERATO INTERNACIONAL



**MACEDONIAN A1 – HIGHER LEVEL – PAPER 1**
**MACEDONIEN A1 – NIVEAU SUPÉRIEUR – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL SUPERIOR – PRUEBA 1**

Thursday 17 May 2001 (afternoon)
Jeudi 17 mai 2001 (après-midi)
Jueves 17 de mayo de 2001 (tarde)

2 hours / 2 heures / 2 horas

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- Ne pas ouvrir cette épreuve avant d'y être autorisé.
- Rédiger un commentaire sur un seul des passages.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento.

Коментирајте еден од следниве извадоци:

1(a)

Ослободување

Решив да им се предадам. Си реков, запнале луѓето да ме фатат, па баш да видам што ќе ми направат кога ќе им се предадам. Се разбира, јас толку голем мајстор сум во бегање и подвивање опашка, што тие никогаш не би ме фатиле, ако самиот не им се предадам. Кутрите селаништа, само по стопалата ми трчаат како загари, но во бескорисен лов, што жал ми падна за нив.

А сега, тоа мое предавање си има и своја практична цел, признавам. Еве веќе и возраста ме навасува и не е баш пријатно од секое огниште да те бркаат цел век, а за свое да свиеш ни на крај памет да ти падне. Па потем, ненахранет и ненаспан, чинам, од веков, сал да талкаш по планињето и да скокаш по камењево како дивокоза. И талкањево, навистина, си имаше свои добри страни, слободен си како птица меѓу небоно и земјава (под услов да си подалеку од луѓево), но и возраста си е возраст, коските кога ќе почнат да те вртат, крстот да те прободува и вие...Значи, како што велат, се во свое време.

Па потем, тука има и една друга работа околу моето предавање. Нели мене никој досега не успеал да ме фати, иако сите онаму долу веројатно сал си шушкаат меѓу себе за моите злосторства и веруваат во мене како во ѓаволот, ни видлив, ни допирлив, а најмалку фатлив. Но ако сега јас самиот им се појавам и им кажам – јас, тој и тој, таков и таков, ви се предавам самиот лично, токму затоа што не можете да ме фатите, за да ви ги скратам и вам и себе си маките. Нема ли од тоа да им застане душичката в грло, првин од страв, потем од возбуда и на крај од радост, и нема ли самите тие веднаш да ми ги простат гревовите – што ако крадел, грабел, убивал, спал со туѓи жени, ко да другите меѓу нас не го прават тоа кришум, па само него ли го најдовме да го бркаме? И ако, згора, им ветам дека и онака нема никакво зло да им правам, нема ли дури да ме наградат со нешто?

И штом се одлучив да им се предадам, почнувам уште првиот ден да им се откривам и за прв пат можеби во живот сум нарочно непретпазлив. Излегувам така по ртовите и осветлените планински падини, сонцето блеснало во мене, видлив сум како никогаш порано, си мислам. И сиот ден намерно се изложувам да ме фатат, тукуречи пред нивниот нос, зашто сметам дека кој и да погледне кон планинава веднаш ќе ме види и потера ќе почне да присобира. Шетам, или стојам, така цел ден на сонце, дур тоа не почне да заоѓа, а од некаква потера, ни поштук. Туку после си велам, море итри се тие селаништа, поитри одошто мислиш. Мракот тие го чекаат, за посигурен да си им во рацете. И прквечер се враќам во пештерата што ми служи како брлог. Легнувам веднаш и заспивам спокојно, иако утре можеби ќе самнам сиот врзан, или прикован со синџири. ...

од <u>Легенди</u>, од Богомил Ѓузел, 1984

1(b)

## Старицата ги гледа птиците

Се вратив од јужните краишта
а Старицата рече: Кога дојде
дојдоа и сите реки што си ги врвел,
и сите птици што ти ја слушнале песната.
А потоа ја разгрна на скутот
ленената крпа
и го подаде убавиот краешник.
Водата е подолу
самата ќе ти се понуди,
рече.
Ќе ги закопаш колената во трева
ќе се потпреш на лактите
и ќе го пикнеш клунот во брзакот.
И птиците од Исарот
од тој вруток пијат.
И ми го отвори со широк
замав на раката
големото небо.
Ги гледаш ли птиците?
Ги фрла некоја сончева река.
И така се смееше и ги милуваше.
Срекната, гледаше со срцето.
И тогаш видов дека не е слепа.
Седнав на големиот бел камен
и се загледав угоре.
Белки и јас ќе ги видам
прекрасните птици.

од Поезија од Македонија меѓу две лета,
"Старицата ги гледа птиците," од Србо Ивановски, 1993